**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд преку судијата Снежана Марковска, како судија поединец, со записничар Сандра Кајсторовска - судски работник, постапувајќи по прецизираниот обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство С. I КО.бр.522/24 од 22.05.2025 година, против обвинетата М. П. од С., за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 3 в.в став 1 в.в. член 207 став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 в.в. член 22 од Кривичниот законик, по одржаната главна, јавна и усна расправа, која започна на 05.09.2025 година, а продолжи и заврши на 17.09.2025 година, во присуство на Јавниот обвинител во ОЈО С. Ана Гоговска Јакимовска, обвинетата М.П. и бранителот на обвинетата, Влатко Китановски, адвокат од Адвокатско друштво Китановски од С., согласно член 381 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РСМ бр.150/10; 100/2012; 142/2016; 193/2016; 198/2018), на 22.09.2025 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**-ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА-**
**ОБВИНЕТАТА**

**М. П.**, од татко Б., родена на ... година, во С., Република С.М., со адреса на живеење во С., по лична карта на ул.„...“ бр.., а престојува на ул.„..“ бр..., со ЕМБГ ..., М., државјанин на Р. С.М., вработена на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија, по занимање доктор специјалист, онколог и радиотерапевт, мажена, мајка на ..., со завршено високо образование, безимотна, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Н А Е**
**ЗАТОА ШТО:**

Обвинетиот Н.В. како лекар, специјалист, радиотерапевт онколог, извршувајќи повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, искористувајќи ист траен однос, исти прилики или други слични околности, во периодот од 01.01.2018 година, до 31.12.2022 година, во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија во С., здравјето тешко им го нарушил на пациентите М. Н., С. П., Ј. Б., В. Д., С. А., А. Н., Д. С., К. А., П. К., Р. Д., В. Д., А. Х., Д. Х., Т. Д., В. Р., С. А., С. К., Т. С., П. Л., В.

С., Х. К., Е. Т., Т. Н., Р. Г., Р. Р., Т. К., С. Р., Л. Г., Г. К. Ц., на начин што како лекар при укажување лекарска помош применил очигледно неподобен начин на лекување и воопшто несовесно постапувал со тоа што спротивно на тековните онколошки упатства, без конзилијарно одлучување за лекувањето на пациентите, надвор од европски пропишаните индикации ЕСМО (European Society For Medical Oncology) и НЦЦН (National Comprehensive Cancer Network) препораки, надвор од индикациите, ги избегнувал параметрите кои точно ја опишуваат состојбата на пациентот во однос на болеста, стадиум на болеста, тип на операција, тип на потврда на молекуларно генетскиот таргет и особено перформанс

статусот на пациентот кои се од исклучителна важност за одлуката да се почне со терапија, која не само што има одреден редослед како тераписка линија, туку и различно дозирање дури и во истата дијагноза и истиот стадиум, а зависно од перформанс статусот на пациентот и неговите соодветни биохемиски резултати, што овозможило непотребно давање на терапија, одобрувал и препишувал лекови на пациенти каде постои недоследност во дозирањето на лековите и во тајмингот на апликацијата, давал лекови од новите генерации на таргет и имунотерапија во фаза на лекувањето кога било многу очигледно дека од апликацијата на таквиот лек воопшто нема да има бенефит поради лошиот перформанс статус на пациентот и немањето време да се развие механизмот на дејство, што е особено важно за имунотерапијата, без да биде наведена телесна тежина и висина на пациентите, со отстапувања во дозирањето, што му било овозможено од обвинетата М.П. која како лекар, специјалист, радиотерапевт онколог, додека работела заедно со обвинетиот Н. В. во наведената клиника на оддел дојка, иако била свесна дека поради тоа може да настапи штетна последица, лекомислено сметала дека истата нема да настапи, на начин што истата му ставила на располагање свој факсимил со кој одобрувал и препишувал терапија и свое корисничко име и лозинка со кои раздолжувал терапија во ХИС системот на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за онкологија и радиотерапија, и тоа:

1.на пациент М. Н., број на историја 2477/18, со карцином на јајници, обвинетиот Н.В., спротивно на тековните онколошки упатства, во тек на хоспитализација од 12.03.2019 година, до 17.04.2019 година, без да има индикации за овој вид на карцином и дал терапија со лек Капецетабин - хемотерапија, кој го примала до 23.09.2021 година, по што на 14.06.2021 година, само еднаш без објаснување и дал лек Винорелбин - хемотерапија и започнале во истиот ден со таргет терапија Цетуксимаб – биолошка терапија кој лек го примала во период од 14.06.2021 до 08.04.2022 година без да има индикации за овој вид на карцином, по што лекувањето го продолжил со лек Паклитаксел - хемотерапија за да на 18.02.2021 година и дал комбинација Паклитаксел и Бевацизумаб – биолошка терапија, после состојба на тромбоза и давање на антикоагулантна терапија, на 18.04.2022 година, 28.04.2022 година и дал



комбинирана хемотерапија со лек Гемцитабин и Паклитаксел, која довела до животоопасна состојба, за да повторно и покрај состојба на тромбоза и давање на антикоагулантна терапија на 18.08.2022 година повторно и дал терапија со лекот Бевацизумаб, а за време на нејзината последна хоспитализација од 25.09.2023 до 17.11.2023 година, кога таа била во исклучително лоша клиничка состојба која не дозволувала никаква хемотерапија со развиени компликации од апсцес и дал терапија со Карбоплатин - хемотерапија и Пролиа – симтоматска терапија што дополнително ја влошило и така лошата состојба на пациентот, а на 04.12 2023 година и дал терапија со лек Алвендронат бисхосфонатна терапија, по што пациентот починал на 18.12.2023 година.

2.На пациент С. П., број на историја 3808/18, со хепатоцелуларен карцином, спротивно на тековните онколошки упатства, обвинетиот Н.В.

на 12.08.2019 година дал терапија со лек Ниволумаб – имунобиолошка терапија 240 мг, кој не е заведен во материјалната картица на ЈЗУ УКРО, од 10.09.2019 година до 12.12.2019 година, наместо на 21 ден дал лек Пембролизумаб – биолошка имунотерапија, кој нема индикации за овој тип на карцином, и тоа на 14 дена по што од 26.12.2019 година, до 20.03.2020 година, започнал и давал монотерапија со лек Атезолизумаб биолошка имунотерапија, наместо комбинирана терпаија со Бевацизумаб, па на 12.03.2020 година без објаснување вовел хемотерапија со Капецетабин, кој нема индикации за третман на ХЦК (хепатоцелуларен карцином), па повторно од 15.05.2020 година до 02.04.2021 година му дал лек Пембролизумаб, по што во тек на хоспитализација од 11-12.03.2021 година, му дал повторно терапија со Атезолизумаб, а при прогресија на болеста на 02.04.2021 му дал Пембролизумаб, лек Сорафениб – таргет терапија, Винорелбин - хемотерапија, антибиотик Лендацин и лек Капецетабин, и тоа 4 пати по 84 таблети, а со оглед дека касичната хемотерапија нема место во третманот на ХЦК(хепатоцелуларен карцином), бидејќи е неефикасна и токсична, хемотретманот со лекот Винорелбин, 5-FU и Гемцитабин, на 23.04.2021 и на 14.05.2021 година, биле прекумерно и погрешно препишани и болеста напредувала со овој третман, по што пациентот починал на 31.05.2021 година.

3.на пациент В. Д., историја на болеста 0001134/17, со карцином на дојка, обвинетиот Н.В., спротивно на тековните онколошки упатства, на 08.07.2019 дал и покрај тоа што првата доза од лекот Пертузумаб - моноклонално антитело е 840 мг и го дал во доза од 420 мг, дотолку повеќе што овој лек не се администрира сам, туку секогаш истовремено со Херцептин - моноклонално антитело и е терапија на избор за HER2-позитивна болест, што не е случај кај пациентот, со оглед дека пациентот на 30.10.2018 година имала докажана HEP2 негативна болест, по што лекот Пертузумаб комбинирано со Херцептин го примала два пати до 21.08.2019 година, па на 11.09.2019 година терапијата била префрлена на лек TDM1- Кадцајла моноколнално тело коњугирано со цитостатик кој лек



го примала до 27.02.2020 година, кој лек не е идницирaн за ХЕР 2 негативна болест, па дал хемотерапија со лек Паклитаксел во неделни режими од 18.10.2019 до 19.02.2020 година, а заедно со лекот Паклитаксел давал Капецетабин – хемотерапија, кој не е индициран за типот на болеста кај пациентот, при што се појавила прогресија за време на третманот со Капецетабин, на 19.02.2020 година иницирал третман со 5-Fu кој лек е ист со Капецетабин, кој непотребно и погрешно го дал 5 пати по 1000 мг, истовремено непотребно и погрешно дал лек Мегаце – инхибитор на прогестерон и тоа шест пати, кој е терапија за лекување на хормонски зависен карцином на дојка, кој пациентката го немала, на 19.02.2020 година во исто време со давање на антибиотици и препишал хемотерапија, која може да биде крајно опасна, бидејќи доколку постои најмало сомневање за бактериска инфекција, хемотерапијата е контраиндицирана, бидејќи може да доведе до сепса и потенцијална смрт на пациентот, за да на 27 февруари 2020 година повторно и даде лек TDM-1 (Кадцајла), па за само неколку дена, на 4 март 2020 година и дал лек Херцептин, иако нејзината HER2-негативна болест била потврдена, а во

периодот од 30.01.2020 до 15.04.2020 година пациентката примала хемотерапија со лек 5-ФУ, по што настапила смрт на 24.05.2020 година.

4.на пациент В. Р., број на историја 2264/01, со карцином на дојка и метастази на црн дроб, обвинетиот Н.В., спротивно на тековните онколошки упатства, по тековно примање на хемотерпија со лек Гемцитабин, само еднаш на 27.07.2020 година и дал хормонска терапија со Анастразол, па по прогресија на болеста и дал лек Винорелбин кој го примала на интервал од 14 дена, а потоа еднаш месечно, што не е во согласност со онколошките упатства за лекување карцином на дојка, по што на 22.02.2021 година и дал лек Бевацизумаб - биолошка терапија, кој нема место во третманот на хормонски зависен рак на дојка, а кој лек и го дал два пати заедно со лекот Винорелбин, при што било забележано силно зголемување на туморските маркери, па и покрај прогресија на болеста на 14.02.2022 година и препишал една скатула од лекот Рибоциклиб инхибитор, како дел од антихормонска терапија, и тоа само еднаш, во состојба кога пациентот бил во многу лоша клиничка состојба, што не дозволува воведување на специфичен онколошки третман, па и дал лек Ексеместан - ароматазен инхибитор во комбинација со Еверолимус селективен имуносупресор, кога истата имала продлабочена тромбопенија и потреба од замена на крвни продукти, по што повторно ја вовел во неделни дози на Доцетаксел, со јасен и забележителен напредок на болеста, по што против согласноста на пациентот и во медицинска состојба која не дозволувала безбеден третман на 29.04.2024 година од страна на обвинетата М.П. и бил даден лекот Капецетабин, по што настапила смрт на 16.05.2024 година.

5.на пациент А. Н. број на историја 2806/20, со дуктален карцином на дојка, спротивно на тековните онколошки упатства и спротивно на



правилата за временско дозирање на терапијата, без да се наведе телесна тежина и висина, обвинетиот Н.В. на 15.09.2020 година и дал лек Херцептин моноклонално антитело за да после два дена и даде хемотерапија со Доксорубицин и Циклофосфамид, од 30.03.2021 до 09.12.2021 и давал лек ТДМ1-Кадцајла и на 17.12.2021 година и дал лек Херцептин и Винорелбин, кои лекови не одат заедно, на 07.01.2022 година и на 26.01.2022 година, по завршување на хемотерапијата, повторно и дал лек Херцептин, по што без објаснување на 21.02.2022 година, при примање на терапија со Херцептин само еднаш и дал лек Капецетабин – хемотерапија, кога нејзината состојба била многу лоша и не дозволувала безбедно започнување на ваква терапија, на 23.03.2022 година само еднаш и дал лек Цетуксимаб кој нема индикации за лекување карцином на дојка, а на 12.05.2022 година и дал лек Херцептин по што истиот ден пациентот починал.

6.На пациент С. А., број на историја 2070/18, со карцином на дојка, спротивно на тековните онколошки упатства, и спротивно на правилата за временско дозирање на терапијата, обвинетиот Н.В. во состојба на тромбопенија на 24.09.2018 година и дал лек Пертузумаб моноклонално антитело од 840 mg и лек Херцептин моноклонално антитело од 240 mg, додека на 02.10.2018 година во тек на хоспитализација и дал хемотерапија според шема CMF што е контраиндицирано заради

екстремно слабата функција на црниот дроб, по што на 05.10.2018 година повторно и дал лек Пертузумаб од 420 mg, и лек Херцептин од 240 mg, што е помалку од 3 недели од последната администрација, а кои лекови ги дал заедно со хемотерапија што е контраиндицирано, па и покрај тоа што лекот Пертузумаб се администрира заедно со лекот Херцептин, на 05.11.2018 година и дал монотерапија во доза од 420 мг, па кога состојбата на пациентот била многу лоша на 10.09.2019 година и дал хормонска терапија со лекот Мегаце, по што пациентот починал на 13.09.2019 година.

7.на пациент К. А., број на историја 1890/13, со дуктален карцином на дојка, обвинетиот Н.В., спротивно на тековните онколошки упатства, во состојба на активно воспаление, на 12.02.2020 година и администриран антибиотик пеницилин и дал терапија со лекот Гемцитабин од 1000 mg - хемотерапија, која ја примила само еднаш, но воведување на хемотерапија во присуство на активно воспаление е контраиндицирано, по што на 16.04.2021 година и дал само еднаш терапија со Фазлодекс – хормонска терапија, па продолжил со лек Ексеместан – антихормонска терапија и притоа била додадена терапија со лек Рибоциклиб - хормонска терпија, но и покрај воведувањето на нова линија на терапија на 11.06.2021 година пациентката примила хемотерапија со 5 – ФУ во доза од 1000 мг, и тоа само еднаш како монотерапија, на 21.07.2021 година без да објасни зошто на пациентот му дал нова линија на терпија, но болеста напредувала поради што, на 12.11.2021 година и дал нова линија на



терапија со Фаслодекс – антихормонска терапија, Палбоциклиб – антихормонска терапија, Золадекс –антихормонска терапија и Деносумаб, а на 9 февруари 2022 година повторно дал хемотерапија со лек Гемцитабин од 1000 mg и антихормонска терапија со лек Анастразол –при веќе докажана мутација на ЕСР1 генот, а на 04.03.2022 година, повторно го вовел лекот Капецетабин, иако за време на првото започнување со овој лек било опишано дека пациентот имал сериозни проблеми и третманот бил прекинат, додека дадената терапија со Цетуксимаб на 11.04.2022 година е без индикации за болеста, а во време кога пациентот веќе имал јасни знаци на тешка прогресија на болеста со значително влошена клиничка состојба бил даден лекот Палбоциклиб, на 30.05.2022 година, дал лек Рибоциклиб како монотерапија без Фазлодекс, на 29.06.2022 година, дал лек Абраксан која состојба повеќе не дозволувала хемотерапија, поради што е даден погрешно, по што настапила смрт на 04.07.2022 година.

Со горните дејствија обвинетата М.П. од С. сторила кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 3 в.в став 1 в.в. член 207 став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 в.в. член 22 од Кривичниот законик, па согласно цитираните членови како и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, како и членовите 102, 105 и 114 од ЗКП, судот на обвинетата и изрекува алтернативна мерка

**У С Л О В Н А О С У Д А**

**ТАКА ШТО НА ОБВИНЕТАТА М. П. И УТВРДУВА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 2-ДВЕ ГОДИНИ И ИСТОВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВА ДЕКА ИСТАТА НЕМА ДА СЕ ИЗВРШИ АКО**

**ОБВИНЕТАТА ЗА ВРЕМЕ ОД 5 – ПЕТ ГОДИНИ ОД ПРАВОСИЛНОСТА НА ПРЕСУДАТА, НЕ СТОРИ НОВО КРИВИЧНО ДЕЛО.**

Согласно член 102 и член 105 од ЗКП, **СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетата да плати трошоци на кривичната постапка на име судски паушал во износ од 6.000,00 (шест илјади) денари,** на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен кривичен суд Скопје, депонент НБРСМ, во цел на дознака задолжително да се наведе бројот на пресудата, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Согласно член 114 став 2 од ЗКП, законскиот застапник на покојната А. Н., нејзината мајка Ј. М. за имотноправното барање, **СЕ УПАТУВА НА СПОР**.

Согласно член 114 став 2 од ЗКП, законските застапници на покојните М. Н., С. П., В. Д., В. Р., С. А. и К. А., за евентуалното имотноправно



барање, **СЕ УПАТУВААТ НА СПОР**.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основното јавно обвинителство од С., на 22.05.2025 година, до овој суд поднесе обвинителен акт I КО.бр.522/24 од 22.05.2025 година, против обвинетиот Н.В. од С., за едно кривично дело Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 1 в.в. член 207 став 1 в.в. член 45 од КЗ и обвинителен предлог I КО.бр.522/24 од 22.05.2025 година, против обвинетите М.П. од С., за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 3 в.в став 1 в.в. член 207 став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 в.в. член 22 од Кривичниот законик, С. Ц. од С., за едно кривично дело Несовесно лекување болни од член 207 став 1 в.в. член 45 од КЗ и Д.Ј. од С., за едно кривично дело Несовесно лекување болни од член 207 став 1 в.в. член 45 од КЗ.

Судот постапувајќи по обвинителниот акт и предлог, закажа главна, јавна и усна расправа, која започна на 05.09.2025 година, а продолжи и заврши на 17.09.2025 година, во присуство на Јавниот обвинител во ОЈО С., Ана. Гоговска. Јакимовска., обвинетата М.П. и бранителот на обвинетата, Влатко. Китановски., адвокат од Адвокатско друштво Китановски од С..

На рочиштето за главна расправа од 05.09.2025 година, по воведниот говор на застапникот на обвинението и изнесувањето на содржината на обвинителниот акт и предлог од страна на Јавниот обвинител, законскиот застапник на покојната А. Н., нејзината мајка Ј. М. повикана да се произнесе по имотноправното побарување и по кривично-правниот прогон, изјави дека предјавува имотно-правно побарување и се приклучува кон кривичниот прогон против обвинетите Н.В. и М.П..

По дадените поуки за права, обвинетата М.П. даде изјава за признание на вина за кривичното дело Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 3 в.в став 1 в.в. член 207 став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 в.в. член 22 од Кривичниот законик. Имено, обвинетата наведе дека сака да се извини и ја прифаќа вината, односно дека се чувствува за виновна и признава дека го сторила кривичното дело што и се става на товар како што е наведено во обвинението, а нејзиниот бранител

предложи докази на околности за одмерување на вид и висина на кривична санкција во форма на листа на докази со прилози.

Бидејќи обвинетите Н.В., С.Ц. и Д. Ј. изјавија дека не се чувствуваат виновни за кривичните дела што им се ставаат на товар, судот ја раздвои кривичната постапка против обвинетата М. П. поведена по обвинителен предлог КО 522/24 од 22.05.2025 година, за кривично дело

Тешки дела против здравјето на луѓето од чл. 217 ст.3 в.в ст.1 в.в со чл. 207 ст.3 в.в ст.1 в.в чл. 45 в.в чл. 22 од КЗ, која продолжи по веќе формираниот број во Кривичната писарница на овој суд К.бр.1069/25, а за постапката против обвинетите Н. В., С.Ц. и Д.Ј. поведена по обвинителен акт и предлог КО 522/24 од 22.05.2025 година, беше оформен предмет, заведен во Кривичната писарница при овој суд под нов број.

Откако судот, согласно член 381 став 2 од Законот за кривична постапка утврди дека признанието на вина на обвинетата М.П. е доброволно и дека таа е свесна за правните последици од признанието на вината, како и за последиците поврзани за имотно правното побарување и трошоците на кривичната постапка, ваквата изјава за признание на вина ја прифати, па согласно член 381 став 3 од Законот за кривична постапка, судот ги изведе само доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција и тоа, ја испита обвинетата и беа прочитани: Потврда од ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија бр. 04-3192/1 од 04.09.2025 година од директор вонр. проф. д-р Игор Стојковски; Извод од матична книга на родени за место С. под тековен број 1778, Извод од матична книга на родени за место С. под тековен број 406, Благодарница издадена од Лекарска комора на Република С.М. од 05.06.2021 година, Потврда бр. 0808-12/4412 од 18.10.2024 година, издадена од Централен регистар на Република С.М., Благодарница од Републичка манифестација ВЕШТА ЖЕНА од 01.04.2023 година, Потврда од Српско лекарско друштво Канцелорошка Секција, Сертификат за ЕСМО Конгрес 2024 година во Барселона Шпанија од 13 до 17 Семптември 2024 година, Сертификат за учество - (Certificate of attendance Breast Cancer preceptorship May 25-26 2023 Ljubljana Slovenia Simona Borstnar, president of Slovenian Senologic Society), Сертификат за учество (Certificate od attendance for ESMO Breast Cancer 2022 Berlin Germany 3-5 May 2022), Сертификат за учество на ЕСМО Конгрес 2023 година во Мадрид, Шпанија од 20-24 Октомври 2023 година, Медицински дневник заверен ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија со бр.04320/1 од 09.09.2025 година, Сертификат за учество на ЕСМО Конгрес 2022 година во Париз, Франција од 09-13 Септември 2022 година (Certificate of attendance for ESMO Congress 2022 Paris France 9-13 September 2022) и Сертификат за учество како предавач на Третиот меѓународен конгрес за извештаи за случаи од 4-7 април, С., претседател на Македонското лекарско друштво проф. Горан Димитров МА доктор на науки (Certificate for attending as a lecturer The third International Congress on Case Reports from 4-7 April Skopje president of Macedonian Medical Association prof Coran Dimitrov).

Јавниот обвинител во завршен збор најнапред изврши прецизирање на диспозитивот на обвинението, како во изреката на оваа пресуда, а

потоа, имајќи го предвид доброволното искрено и без притисок дадено признание од страна на обвинетата, се осврна на околностите од значење



за определување на видот и висината на кривичната санкција, односно дека обвинетата во својство на лекар, радиотерапевт и онколог додека работела со д-р Н.В., во текот на критичниот период му оставила на располагање свој факсимил со кој тој препишувал и одобрувал терапија и свое корисничко име и лозинка за пристап во болничко информативниот систем во наведената клиника и со ова му овозможила на обвинетиот Н.В. иако неовластено, да препише терапија на 7 пациенти во повеќе наврати спротивно на медицинските правила, со што било предизвикано нарушување на здравјето на пациентите. Обвинетата делото го сторила во рамки на својата свесна небрежност иако била свесна за настанување на штетна последица, лекомислено сметала дека таа нема да настане, со што е намален степенот на кривична одговорност. Но, како што навела во својот исказ, од тогаш печатот го носела со себе, се исклучувала од Хис-Системот и сама закажувала понатамошни прегледи за своите пациенти. Обвинетата дала признание на вина, без да ја избегне својата кривична одговорност, што е за поздрав во ваков предмет, покажала искрено жалење и каење, истата не е претходно осудувана, ниту се води постапка за друго кривично дело. Од доказите изведени од страна на одбраната може да се заклучи дека истата ужива личен и професионален углед, без претходни забелешки во нејзината професионална кариера, а во текот на целата постапка и пред ОЈО и во судот имала примерно поведение. Се осврна и на отежителните околности, а тоа се дека последиците на дејствијата кои биле превземени биле тешки, бидејќи кај седум пациенти дошло до нарушување на здравјето. Обвинетата како лекар специјалист имала зголемена должност на грижа, внимание и одговорност, особено во чувствителна медицинска област како оваа, како и тоа дека наовластениот пристап и користење на факсимилот се случувало повеќе пати. Побара од судот, имајќи ги предвид сите олеснителни и отежителни околности да ја огласи обвинетата за виновна и казни согласно законот.

Бранителот на обвинетата во завршен збор наведе дека обвинетата по професија е доктор повеќе од 20 години, кој го посветил животот за хумана цел да спасува безброј животи, давајќи при тоа несебична утеха на оние кои страдаат од оваа болест. Со својата професија не само што ги променила животите на многу луѓе, туку ги посветила своите срце и душа на најтешката битка, со ракот. Истакна дека обвинетата е повеќе од доктор, од првиот момент од својата кариера знаела дека ќе се бори за животите на болните, во цело свое знаење што го стекнала на Клиниката за онкологија и дека тоа го прави неуморно секој ден и секој час. За многу пациенти д-р М. не била само лекар, туку и надеж за пациентите и во најтешките моменти, а дел од нив биле успешно излекувани. Додаде дека пред судот одбраната извела бројни докази како признанија, пофалници и сертификати кои докажуваат дека не е обичен просечен доктор, а со обвинението и се става на товар една небрежна грешка која не била направена со намера да се наштети, а најмалку на пациентите и тоа што некој го злоупотребил, таа одговорност треба да ја сноси лично тој, а

своите лични податоци ги оставила на располагање со цел да им се помага на пациентите и да им се обезбеди третман. Порача дека казната треба да биде правична и посебно одмерена според личноста на обвинетиот, а тоа значи дека треба да има простор за понатмошна позитивна промена и затоа од судот побара да го погледне овој случај со вистинска перспектива, па потоа да ја одмери казната за обвинетата, имајќи ја предвид целокупната посветеност, страст и напор, кој во иднина ќе продолжи несебично и неуморно да го вложува на клиниката. Затоа побара од судот да изрече соодветна санкција која нема да биде само казнување, ќе биде разбирање, ќе биде шанса обвинетата да ја работи својата работа, да лекува пациенти, која е непроценето важна за нашата заедница и порача правдата да биде правична.

Обвинетата во завршен збор наведе дека во целост го прифаќа завршниот збор на нејзиниот бранител и дека целиот нејзин живот го посветила на пациентите.

По завршувањето на главната расправа, судот се повлече од заседанието заради донесување пресуда, односно одлуки по однос на постоење на вина и одговорност, казната, трошоците на постапката и имотно-правното барање, па како обвинетата даде целосно признание на вина, кое судот го прифати, се пристапи кон одлучување по однос на останатите прашања, а најнапред по однос на одредување на видот и одмерување на кривичната санкција, како основна правна последица на казненото дело, чија општа цел е спречувањето вршење казнени дела со влијание врз самиот сторител во правец на негово застрашување и ресоцијализација, како и со влијание врз другите потенцијални сторители на казнени дела.

Казната е ретрибутивно-превентивна санкција и има карактер на справедливо возвраќање за стореното дело, но смислено, така што да се постигне определено специјално-превентивно и генерално превентивно дејство.

Казната секогаш е пропишана со закон и има јавно-правен карактер, а во законски определените рамки, судот врши одмерување на казната, кое подразбира конкретизација на законски пропишаната казна, односно избор и изрекување казна што одговара на стореното дело и неговата тежина, особено каква конкретна штета, односно какви последици се предизвикани со делото, а од друга страна ја одмерува казната според сторителот на делото, во чие средишно значење го има персоналниот, субјективниот момент и начелото на индивидуализација, кое се состои во приспособување на видот и висината на казната на личноста на сторителот, имајќи ги предвид и целите на казнувањето, односно, специјалната превенција и ресоцијализацијата на сторителот и негово враќање во општеството како корисна единка.




При одмерувањето на видот и висината на кривичната санкција, судот ги ценеше сите околности предвидени во член 39 од Кривичниот законик, кои се од влијание за индивидуализација на казната, како отежнителни, така и олеснителни околности. Судско одмерување на казната по дефиниција претставува конкретизација на законски

пропишаната казна, односно избор и изрекување на казна што одговара на стореното дело и неговиот сторител. Притоа, со примена на начелото на индивидуализација судот ја цени личноста на сторителот на казненото дело и преку процесот на субјективизација ја одмерува казната имајќи предвид дека не се казнува делото, туку сторителот. Со ова начело de facto се обезбедува (казнена) правда во секој конкретен случај.

Земајќи ги предвид целите на казнувањето, финална цел на казнувањето е заштитата на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности од дејствија што претставуваат казнени дела, додека посебни цели на казнувањето се остварување на правдата (и правичноста како „правда во конкретен случај“), како и специјалната превенција и ресоцијализацијата, која од своја страна е нераскинливо поврзана со нужно изрекување индивидуализирана казна.

Објект на заштита на инкриминацијата од кривичното дело Несовесно лекување болни од член 207 од КЗ е здравјето на луѓето, а објективниот услов за инкриминација е несовесно постапување при укажувањето на лекарска помош, како последица на што настапува влошување на здравствената состојбата на пациентот, што доведено во корелација со кривичното дело Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 1 од КЗ, е да настапи потешка последица по животот и здравјето на луѓето, при што, покрај умисленото, се казнува и небрежното извршување на делата кои се предвидени во ставот 3 од цитираните членови.

За кривичното дело кое и се става на товар на обвинетата – Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 3 в.в став 1 в.в. член 207 став 3 в.в. став 1 од Кривичниот законик, законодавецот предвидел казна затвор од три месеци до три години.

Извршувањето на две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, при тоа, искористувајќи ист траен однос, исти прилики или други слични околности, законот го третира како продолжено кривично дело, за кое законодавецот во членот 45 став 1 од КЗ, предвидува единствена казна, во границите за казната пропишана за тоа дело.

Учеството на повеќе лица во дејствие на извршување на кривично дело или друг особен придонес кон извршувањето на делото, како заедничко сторување на кривичното дело, законот го третира како



соизвршителство и во членот 22 од КЗ е предвидено дека секое од лицата ќе се казни со казната за тоа дело.

Судот, внимавајќи на целите на казнувањето определени со членот 32 од Кривичниот законик и внимавајќи на утврдување и докажување на сите околности, релевантни за одмерување на кривичната санкција, низ формална и контрадикторна процедура, врз основа на утврдените факти од изведените докази и даденото признание на вина за целокупниот опис на кривичното дело кое и се става на товар на обвинетата, го одреди видот и ја одмери висината на кривичната санкција, во границите што се пропишани со закон за конкретното кривично дело, имајќи ги предвид нејзината кривична одговорност, тежината на делото и целите на казнувањето и имајќи ги предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема, како олеснувачки и отежнувачки околности

предвидени во членот 39 од КЗ, при што се ценат особено: степенот на кривичната одговорност, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

Отежнителни околности се оние околности кои на делото му даваат потежок вид, па кога тие постојат судот определува потешка казна од онаа која би ја изрекол во нивно отсуство и во таа смисла судот ги ценеше особено последиците од севкупноста на заедничките дејствија кои биле превземени, а биле тешки, бидејќи кај седум пациенти дошло до нарушување на здравјето, а обвинетата како доктор специјалист имала зголемена должност на грижа, внимание и одговорност особено во чувствителна медицинска област како што е оваа. Дополнително што дејствијата на обвинетата се повеќекратни и во континуитет, односно се работи за продолжено кривично дело, што во целина дава потежок облик на кривичното дело и повисок степен на кривична одговорност на обвинетата, како и околноста дека законскиот застапник на покојната А. Н., нејзината мајка Ј. М. изјави дека за причинетата штета предјавува имотно-правно побарување и се приклучува кон кривичниот прогон против двајцата обвинети Н. В.и М.П..

Олеснувачки пак, се оние околности што влијаат казната да се одмери што поблиску до посебниот законски минимум на казната пропишана за казненото дело.

Судот подеднакво ги ценеше и олеснувачките околности кои стојат на страната на обвинетата, а кои влијаат за одмерување на казната, па така, судот ги ценеше доказите изведени од одбраната на главната расправа.

Со Потврдата од ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и

онкологија бр. 04-3192/1 од 04.09.2025 година од директор вонр. проф. д-р Игор Стојковски, ЈЗУ Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија потврдува дека д-р м-р специјалист М.П. е вработена во клиниката од 2002 година каде до денешен ден успешно ги извршува своите работни задачи. Во потврдата е наведено дека поради нејзината стручност и професионалност во работата во текот на 2025 година е назначена и за раководител на одделот за малигни тумори на дојка. Воедно се потврдува дека во текот на досегашната работа не се евидентирани поплаки од пациенти ниту од персоналот на клиниката, а истата во текот на својот работен стаж била вклучена во лекување на голем број на пациенти од кои значителен дел се успешно излекувани.

Во Изводот од матична книга на родени за место С. под тековен број 1778 за година 2015 за запишано раѓање на М.Х., ќерка на обвинетата, во податоци за родителите како мајка е запишана М. П. и е со деловен бр. 0902-5/1685 од 07.04.2015 година.

Во Изводот од матична книга на родени за место С. под тековен број 406 за година 2001 за запишано раѓање на М. Х., во податоци за родителите е запишана М.П. и е со бр.09-1/22884 од 19.08.2019 година.

Со Благодарница издадена од Лекарска комора на Република С.М. од 05.06.2021 година, на д-р М.П. се заблагодаруваат за особен придонес

и ангажираност при справување со пандемија COVID-19 од проф. д-р Калина Гривчева Старделова;
Видно од Потврда бр. 0808-12/4412 од 18.10.2024 година издадена од Централен регистар на Република С.М., на обвинетата Мери Пешевска не и била изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
Со Благодарницата од Републичка манифестација ВЕШТА ЖЕНА од 01.04.2023 година, на обвинетата М.П. и се заблагодаруваат за заслуги и посебен придонес во работата на здружението MVP од областа на медицината.
Со Сертификат за ЕСМО Конгрес 2024 година во Барселона Шпанија од 13 до 17 Семптември 2024 година е извршена ресертификација на медицински онколог од ЕСМО, сертификат за континуирано медицинско образование што им овозможува на членовите на ЕСМО да останат сертифицирани за медицинска онкологија. Ресертификацијата е неопходна за медицинскиот онколог да остане професионално сертифициран, ресертификацијата гарантира дека сертифицираниот медицински онколог продолжил да го усовршува своето знаење и продолжува да ги поседува потребните вештини и стандарди за практикување на медицинска онкологија.

Со Сертификат за учество (Certificate of attendance Breast Cancer preceptorship May 25-26 2023 Ljubljana Slovenia Simona Borstnar, president of Slovenian Senologic Society), се потврдува дека М.П. учествувала во Превентивна обука за рак на дојка на 25 и 26 мај 2023 година во Љубљана, Словенија од Институтот за онкологија Љубљана во соработка со Словенечко сенолошко друштво на Свенечкото медицинско друштво.
Со Сертификат за учество (Certificate od attendance for ESMO Breast Cancer 2022 Berlin Germany 3-5 May 2022) се потврдува дека медицинскиот онколог М.П. учествувала на ЕСМО Рак на дојка 2022 година во Берлин Германија од 3 до 5 мај 2022 година, извршила ресертификација, а со тоа се стекнала со потврда дека продолжила да го усовршува своето знаење и продолжува да ги поседува потребните вештини и стандарди за практикување на медицинска онкологија.
Со Сертификат за учество на ЕСМО Конгрес 2023 година во Мадрид, Шпанија од 20-24 Октомври 2023 година, се потврдува дека медицинскиот онколог М.П. дека продолжила да го усовршува своето знаење и продолжува да ги поседува потребните вештини и стандарди за практикување на медицинска онкологија.
Во Медицинскиот дневник заверен ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија со бр.04320/1 од 09.09.2025 година за период од 25.08.2025 година до 29.08.2025 година се евидентирани пациентите кои што дневно се прегледани од страна на обвинетата М.П., од каде за овие денови се евидентирани 107 пациенти, од кои 100 пациенти се јавиле на прв преглед, а 7 пациенти на контролен преглед.
Со Потврда од Српско лекарско друштво Канцелорошка Секција за учество на конгрес Канцелорошка недела, одлука бр. 153-02-00440/2024-01 од 25.11.2024 година издадена од проф.д-р Милан А.Неделковиќ, и Сертификат за учество на ЕСМО Конгрес 2022 година во Париз, Франција

од 09-13 Септември 2022 година (Certificate of attendance for ESMO Congress 2022 Paris France 9-13 September 2022), како и Сертификат за учество како предавач на Третиот меѓународен конгрес за извештаи за случаи од 4-7 април, С., претседател на Македонското лекарско друштво проф. Горан Димитров МД доктор на науки, (Certificate for attending as a lecturer The third International Congress on Case Reports from 4-7 April Skopje president of Macedonian Medical Association prof Coran Dimitrov), судот утврди дека обвинетата како доктор е вклучена, освен во процесот на лекувањето на пациенити така и во усовршување на стручно знаење. Во својот исказ обвинетата се претстави како доктор, вработена на Универзитетска клиника за радиотерапија и онколгија во С. од 2002 година, со завршена специјализација на истата клиника и од 2007 година

станува специјалист онколог радиотерапевт. Од тој период наваму била распределена на Одделот за малигни миоми на дојка. Во март 2009 година била назначена за шеф на отсек на истоимениот оддел и во текот на нејзиниот работен стаж секојдневно работи во амбуланта со онколошки пациенти, најчесто со болни од карцином на дојка. Од самиот почеток на онкологија е активен член на МАРО - Македонската асоцијација за радиотерапија и онкологија, ЕСМО - Европската асоцијација за онкологија онкологија и АСКО - Американската асоцијација за онкологија, кои се организации кои вложуваат средства за истражување и пронаоѓање на лекови и организираат и конгреси за едукација на онколози од целиот свет. До 2009 година била избрана за асистент по предметот Радиотерапија и онкологија на катедрата за радиотерапија и онкологија, а активно била вклучена во изведување на практична настава на студенти по медицина, фармација, радиоциони технолози физиотерапевти и медицински сестри. На 04.01.2012 година, го одбранила магистерскиот труд со наслов Вредност на Прогностички-превентивна вредност кај оперативен рак на дојка, од кога учествувала на повеќе меѓународни конгреси со авторски и коавторски трудови. Во септември 2017 година била испратена од Министерство за здравство, на доедукација за кобиопсија на дојка во Лив Хоспитал во Истамбул. Во текот на работниот стаж секојневно прегледува многу пациенти, на кои им пружа онколошка нега и терапија, ги смирува, а потоа се детално објаснува и се договара околу онколошката терапија и пристап, што многу често го прави и после работно време, а во нејзината долгогодишна кариера ниту еднаш не вратила пациент од амбуланта, на кој начин обезбедува индивидуален пристап и комплетна поддршка на секој пациент. Нејзиното искуство, знаење и стручност им помага на пациентите со болеста со која се соочуваат, а нејзината мисија е секогаш да биде потпора на нејзините пациенти во текот на целото лекување, а во текот на нејзиниот работен стаж има голем број на излекувани пациенити и е прва во број на прегледи на онокологија, односно најголем број на пациенти со рак на дојка има на клиниката. Со оглед на малиот број на онколози во нашата држава била проектор на диспензирани онколошки центри што се спроведуваат во Битола и Тетово, конкретно во Битола, каде оди за преглед и терапија на пациенти од тој регион, се со цел да се намали малтретирањето и финансиските трошоци на пациентите. Појасни пред

судот дека за сите седум пациенти, кои се предмет на обвинението таа воопшто не била ординирачки онколог, туку тоа биле пациенти на д-р Васев. На клиниката за онкологија и радиотерапија, било пракса кога прв пат доаѓа пациентот, се јавува кај еден доктор, ординирачки онколог и целокупната терапија, историја на болеста, комобирдитетите ги разговара и дискутира со својот ординирачки онколог. Секој таков ординирачки оноколог специјалист одредува која терапија ја дава, колку циклуси се предвидени во случај на прогресија на болеста или метастазирање, дали треба да се смени, односно го води пациентот од почетокот до крајот, целиот тек на лекување. Исто така појасни дека корисничко име и лозинка

од д-р специјалист, како и факсимилот го дала, односно го оставила корисничкото име и лозинка во амбуланта, а факсимилот и стоел на шалтер, се за доброто на пациентите, за да не се малтретираат да се враќаат, да одат за крвна слика, побрзо да завршат работа, да не се враќаат и на време да ја завршат терапијата и да се вратат дома. Ваквата состојба и пракса била присутна не само на предметната клиника, туку и во склоп на Клиничкиот центар Мајка Тереза. Па од тука, таа поради нејзината небрежност ги оставила на располагање нејзините лични податоци, кориснично име и лозинка и факсимилот на доктори, но, оттогаш па наваму потенцираше дека печататот е кај неа и штом се тргне од амбуланта за било каква потреба, веднаш го исклучува системот, го гаси компјутерот, а печатоот го зема со неа во џеб во мантилот. За „Мој термин" исто така порано на шалтер и закажувале прегледи за снимање, компјутер, магнет и се што било потребно, но после овој случај исклучиво тоа го прави таа.

Ценејќи ги изведените материјалните докази, судот несомнено утврди дека обвинетата сеуште е вработена на клиниката за онкологија и радиотерапија, каде работи од 2002 година и успешно ги извршува своите работни задачи, а поради нејзината стручност и професионалност во работата во текот на 2025 година е назначена и за раководител на одделот за малигни тумори на дојката, а воедно не се евидентирани поплаки од пациенти ниту од персоналот на клиниката и истата во текот на својот работен стаж била вклучена во лекување на голем број на пациенти од кои значителен дел се успешно излекувани, а истата како признат доктор специјалист во областа на онкологија и радиотерапија добивала и сертификати за успехот кој го постигнувала и благодарници за заслуги и посебен придонес во работата, кои судот ги ценеше како олеснителни околности кои се однесуваат на личноста на обвинетата и на нејзините лични прилики, односно нејзините општи и посебни склоности и способности.

Како олеснителна околност судот го ценеше и претходниот живот на обвинетата, која до сега не била осудувана и не и била изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Судот утврди дека на обвинетата на товар и се става небрежно соизвршителство во умислено кривично дело, кое правната теорија го познава, а во однос на описот на начинот на кој и се става на товар конкретното кривично дело, како особен придонес во извршувањето на

кривичното дело – Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217 став 1 в.в. член 207 став 1 в.в. член 45 од Кривичниот законик, кое го сторила од небрежност, обвинетата, во присуство на својот бранител јасно и недвосмислено призна вина. Токму ваквите дејствија на обвинетата, а се состојат во небрежно ставање на располагање свој



факсимил и свое корисничко име и лозинка од ХИС системот на клиниката и тоа на друг доктор онколог и радиотерапевт, како начин на извршување на небрежното кривично дело, судот го цени исто така, како олеснителна околност.

Кај обвинетата постои чувството на вина, истата е свесна за последиците од сопствените дејствија и истата превзема лична одговорност за стореното дело за кое се товари, изразува делотворно каење, жал и самопрекорување, што го опишува и во својот исказ, на кој судот поклони верба, а се однесува на нејзиното однесување после кривично правниот настан, односно дека истата својот факсимил, како и своите корисничко име и лозинка од ХИС системот на здравствената установа, ги користи исклучиво лично и со најголемо внимание. Овие околности, кои го изразуваат нејзиниот однос по стореното кривично дело, како и околноста дека против неа не се водат други кривични постапки, воедно и нејзините семејни прилики, односно дека е семеен човек, мажена, мајка на две деца, а особено даденото признание на вина кое несомнено доведе до брзо и ефикасно завршување на кривичната постапка, со што обвинетата покажа дека ја прифаќа целата одговорност и подготвеност да се соочи со последиците од сопствените дејствија, судот исто така ги ценеше како олеснителни околности, при одмерувањето на казната.

Ценејќи ги сите овие околности, а како разликата меѓу отежителните и олеснителните околности е во корист на олеснителните, судот на обвинетата и утврди казна затвор во траење од 2-две години, но истата ја услови, на начин што на обвинетата и изрече алтернативна мерка – условна осуда, така што определи дека утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетата за време од 5-пет години од правосилноста на пресудата, не стори ново кривично дело, сметајќи дека со истата ќе се постигнат општите и посебните цели на казнувањето во смисла на член 32 од КЗ, како на планот на специјалната, така и на генералната превенција, во смисла воспитно да влијае во иднина да не врши вакви или други кривични дела и во однос на другите да не вршат кривични дела.

Судот се определи за условна осуда, како специфична кривична санкција, бидејќи оцени дека со овој вид на казна може да се заштити општеството од криминал без да се примени ефективна казна врз обвинетите, односно алтернативната казна е замена за затворската казна. Условната казна не претставува избегнување за казнување, туку е определена затоа што судот оцени дека со нејзина примена може да се оствари целта на казнувањето. Во конкретниот случај, за ова обвинето лице судот оцени дека може да се очекува самата закана од казна затвор да ги исполни целите на специјалната превенција, истата е насочена спрема него, а имајќи го во предвид досегашното однесување на обвинетата, судот оправдано очекува дека истата може да го поправи

нејзиното однесување, односно да обрне особено внимание на своите постапки и на последиците од истите, како и да ги почитува сите правила и позитивни прописи како во иднина не би дошло до било каков ризик.
Согласно член 102 и член 105 од ЗКП, Судот ја задолжи обвинетата да плати трошоци на кривичната постапка на име судски паушал во износ од 6.000,00 денари (шест илјади) денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен кривичен суд Скопје, депонент НБРСМ, во цел на дознака задолжително да се наведе бројот на пресудата, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.
Согласно 114 став 2 од ЗКП, судот, оштетениот Владо Јовчевски од С., го упати да го остварува во граѓански спор.
Исто така, согласно 114 став 2 од ЗКП, судот, законските застапници на покојните М. Н., С. П., В. Д., В. Р., С. А. и К. А., за евентуалното имотноправно барање, ги упати да го остваруваат во граѓански спор.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**XVIII К.бр.1069/25 од 22.09.2025 година**

Записничар, С У Д И Ј А,
Сандра Кајсторовска, с.р. Снежана Марковска, с.р.

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

**Д.Н.**

- на ОЈО од С., I КО.бр.522/24 од 22.05.2025 година,
- на обвинетата М.П. на ул.„...“ бр...., С.,
- на бранителот на обвинетата, Влатко Китановски, адвокат од Адвокатско друштво Китановски од С.
- на законскиот застапник на покојната А. Н., нејзината мајка Ј. М.

**По правосилноста:**

- На законскиот застапник на покојната М. Н.,
- На законскиот застапник на покојната С. П.,
- На законскиот застапник на покојната В. Д.,
- На законскиот застапник на покојната В. Р.,
- На законскиот застапник на покојната С. А. и



- На законскиот застапник на покојната К. А.__